Нансен Дијалог Центар Скопје
Нансен тренинг центар за интеркултурно образование

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ



# КАКО ДО ИНТЕРКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

# КАКО ДО ИНТЕРКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Издавач**
Нансен Дијалог Центар Скопје ул. Бахар Моис 4, 1000, Скопје

**Наслов на публикацијата**
Како до интеркултурно образование – прирачник за наставници

**Автори**
Биљана Крстеска-Папиќ Сонај Билал, Осман Емин

**Уредник**
Ветон Зеколи

**Електронска реализација**
Ване Рујков

Copyright © 2022 Нансен Дијалог Центар Скопје Прво издание 2022 година

**CIP – Каталогизација во публикација**
**Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

37.017:316.723-021.463(035)

Како до интеркултурно образование / Сонај Билал, Биљана Крстеска-Папиќ Осман Емин - Скопје: Нансен Дијалог Центар, 2022. – 50 стр.; 25 илустрации, А4.

ISBN-978-608-5005-07-9

COBISS.MK-ID 58619397

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ



# КАКО ДО ИНТЕРКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2022

## СОДРЖИНА

Рецензии........ 8

Вовед........ 12

1. Што е интеркултурно образование? ........ 13

2. Кои се целите и задачите на интеркултурното образование? ........ 14

3. Интеркултурна димензија на воспитно-образовните содржини........ 16

   3.1 Модели и насоки за промовирање на интеркултурното образование преку целите по предметот Општество (1-5 одд.)........ 18

   3.2 Модели на интеркултурни воспитно-образовни активности ........ 24

4. Форми, методи и техники како предуслов за интеркултурно образование ........ 38

5. Интеркултурна димензија на дидактичкитр ресурси........ 39

6. Интеркултурно образование низ призма на воннаставните активности ........ 40

   6.1 Добри практики и искуства – Нансен модел за интеркултурно образование........ 41

7. Интеркултурни компетенции ........ 44

8. Интеркултурен педагошки амбиент ........ 45

9. Интеркултурно образование и културен диверзитет во пошироката заедница ........ 46

10. Литература ........ 50

# РЕЦЕНЗИИ

**Пола Мекилвејн**

*Совет за интегрирано образование на Северна Ирска*

Ми претставува огромно задоволство што сум меѓу првите што го прочитале новиот прирачник за наставници насловен „Како до интеркултурно образование", а изработен од страна на Нансен дијалог центар Скопје. Ревизијата на овој документ ми претставува голема привилегија. Морам да му честитам на НДЦ Скопје на високото ниво на стручност вложена при развој на овој современ и инспиративен прирачник со кој се покажува колку значаен може да биде придонесот на наставниците, доколку при реализација на наставата во мултиетничко општество прифатат еден ваков вистински интеркултурен пристап. Во првиот дел од прирачникот се објаснети начините на кои интеркултурното образование може да предизвика промена, преку своето потенцијално позитивно влијание врз идниот развој на едно општество како што е македонското. Дотолку повеќе што наведените образложенија и пристапи може да се применат и на меѓународно ниво, во кое било општество со предзнак на разновидноста насочено кон изградба на просперитет, инклузија и кохезија за доброто на сите свои граѓани.

Вредно е да се пофалат детаљно образложените причини за усвојување на интеркултурниот пристап во образованието, како и детаљните насоки за постепено усвојување на интеркултурниот елемент. На пример, дадени се јасни насоки за вградување на интеркултурниот пристап во постојната наставна програма за предметот Општество од прво до петто одделение. Овој јасен и сеопфатен приказ, заедно со наведените видеозаписи, ќе им биде од огромна корист на сегашните наставници во започнувањето на процесот на усвојување и имплементирање на интеркултурните пристапи или пак, негово продолжување. Важноста на интеркултурните компетенции на наставниците е нагласена и објаснета во понатамошниот дел од прирачникот. Во врска со тоа, морам да упатам честитки до НДЦ Скопје што и понатаму продолжуваат со организирање на квалитетни обуки наменети за развој на интеркултурните компетенции на наставниците, а насочени кон вградување на интеркултурниот пристап во наставата.

Покрај тоа, ме воодушевува фактот што се нагласени бројни интерактивни методологии коишто може да се усвојат за поттикнување на позитивната социо-емоционална клима и за развивање на ученичките вештини низ отворена и конструктивна комуникација, мирно решавање на конфликтите, надминување на пристрасноста, стереотипите и предрасудите и поттикнување на критичкото мислење. Една од важните позитивни страни на овој прирачник е што со него се покажува дека сите училишта и наставници во Македонија може да се вклучат во позитивна и планска интеркултурна активност, но вреди да се напомене дека Нансен моделот за интеркултурно образование е нагласен и во остатокот од прирачникот, каде што се изложени импресивните позитивни резултати коишто овој модел ги остварува во областа на воннаставните активности.

Го изразувам својот восхит кон сите оние што вложиле труд и креативност при изработката на овој труд. Со задоволство одвоив време за детаљно да го прочитам во целост, што го препорачувам на сите. На сите субјекти вклучени во образовниот процес им посакувам сè најдобро при практичната реализација на овој прирачник во нивните училници, училишта и заедници. Примената на елементите на ова наставно помагало од страна на наставниците може да предизвика позитивна промена, преку поттикнување на заемното разбирање и соработка помеѓу припадниците на различни етнички заедници од коишто е составено македонското општество, што трајно ќе придонесе за подоброто утре на Република Македонија.



**Проф. д-р Вера Стојановска**

Прирачникот за наставници - *Како до интеркултурно образование*, содржински е обликуван во согласност со *Концепцијата за интеркултурно образование* која нуди јасни насоки и решенија за тоа, како може воспитно-образовниот систем во Р. Македонија да биде трансформиран и надграден со интеркултурна ориентација и вредности. Тој е изработен со намера да ги запознае наставниците со базичните постулати на интеркултурното образование, но и да им помогне во создавањето на разновидни воспитно-образовни иницијативи со интеркултурен предзнак.

Појдовна точка во прирачникот е дефинирањето на интеркултурното образование и глобалните принципи од кои наставниците треба да се водат при осмислувањето и планирањето на различните приоди во остварувањето на интеркултурното образование во училишната средина. Во тој контекст се наведени глобалните цели и задачите на интеркултурното образование кои на наставниците им нудат широка платформа врз чија основа може да развиваат и градат различни воспитно-образовни иницијативи со интеркултурен белег.

Во функција на давање позитивен придонес кон зајакнувањето на влијанието на интеркултурниот аспект на наставата, во прирачникот се понудени насоки и препораки за промоција на интеркултурното образование низ содржините дефинирани во наставните програми по Општество, од I до V одделение. Но, исто така, понудени се и неколку креирани подготовки за наставни часови по различни наставни предмети во кои се содржани можни модели на интеркултурни воспитно-образовни активности, кои се одличен патоказ и мотивирачки стимулатор на наставниците за збогатување на редовната настава со интеркултурни вредности.

Со оглед на важноста од правилен избор на формите, методите и техниките кои на некој начин се предуслов за интеркултурно образование, наставниците имаат можност преку овој прирачник да се запознаат со четирите основни методски начела по кои треба да се водат при изборот на формите, методите и техниките како и нивните модалитети во функција на реализирање на интеркултурните димензии во училишната практика.

За успешна реализација на активностите од интеркултурен карактер важен е и квалитетот на дидактичките ресурси кои се употребуваат за таа цел. Во таа насока се посочени разновидни дидактички ресурси кои се податливи за реализирање на различни активности од интеркултурен карактер. Посочените ресурси може да им послужат на наставниците за интеркултурно збогатување на различни наставни содржини.

Како посебна структурална и мошне функционална компонента на прирачникот е интеркултурното образование разгледувано низ призмата на воннаставните активности. Овде се говори за потребата од иницирање, организирање, спроведување и координирање на повеќе видови воннаставни активности со што би се збогатил квалитетот на интеркултурниот училиштен живот. Во контекст на тоа, накратко е презентиран *Нансен моделот за интеркултурно образование*, кој како модел во Р. Македонија овозможува успешна интеграција на учениците, родителите и наставниците од различни етнички заедници преку современ воспитно-образовен процес, базиран на мноштво разновидни интеркултурни воннаставни и проектни активности. Овој модел на образование ги негува, охрабрува и интегрира во себе мултиетничките вредности, двојазичноста и истовремено ја промовира и поддржува соработката помеѓу учениците, наставниците и родителите која е втемелена врз почитувањето на разликите, градејќи притоа една кохезивна заедница. Во овој содржински дел, во изразито синтетичка форма се презентирани добрите практики и искуства од досегашната реализација на воннаставните активности според *Нансен моделот за интеркултурно образование*, кои се добар пример за наставниците за градење на успешни воннаставни практики.

Посебна и логички заокружена целина претставува делот во кој се презентираат компетенциите кои треба да ги поседуваат наставниците, за да можат успешно да остваруваат интеркултурен дијалог во воспитно-образовниот процес и да го афирмираат интеркултурализмот меѓу учениците.

Во прирачникот е елаборирана и потребата од креирање амбиент и уредување на просторот кој треба да биде космополитски дизајниран, но дадени се и насоки на наставниците за тоа како успешно да се трансформираат училницата и училишниот простор во интеркултурна средина во која различностите ќе бидат позитивно претставени и промовирани.

Во функција на зајакнување на процесот на поддршка на концептот за интеркултурно образование од особена важност е остварувањето на соработка со родителите од различните етнички заедници. Затоа, во прирачникот е нагласена улогата на училиштата во иницирањето на соработката со родителите преку разновидни организациони форми, но и на локалната општинска власт, во креирањето и развивањето на стратегии за поддршка на културниот диверзитет во мултиетничките училишта.

Со оглед на целокупната содржина третирана во прирачникот, може да се констатира дека тој претставува мошне добра дидактичка поддршка на наставниците во градење на нови идеи во функција на интегрирање на интеркултурната димензија во воспитно-образовниот процес. Содржините што се опфатени и се разгледувани во него, во потполност го даваат одговорот на прашањето - Како до интеркултурно образование? Тие на еден суптилен начин ги воведуваат наставниците во интеркултурното образование, но на некој начин влијаат и поттикнувачки за негово имплементирање во училишната практика.

Општо земено, прирачникот за наставници - Како до интеркултурно образование, претставува иновативен поттик и големо мотивирачко олеснување на наставниците во дизајнирањето на разновидни воспитно-образовни активности и содржини преку кои ќе ги негуваат интеркултурните односи и интеграциските процеси и ќе ги промовираат културните различности и нивното премостување во поширок општествен мултиетнички и мултикултурен контекст. А пак, во содржинска смисла, овој прирачник претставува драгоцен извор на информации во однос на дидактичко - методичките аспекти што се релевантни за квалитетно и ефикасно реализирање на процесот на интеркултурното образование во училишната практика.

**Проф. д-р Хана Салиу**

Прирачникот за наставниците подготвен од страна на Нансен дијалог центар Скопје, за унапредување на работата на наставниците, добро ги објаснува и разграничува поимите мултикултурализам и интеркултурализам. Во него јасно е дефинирано интеркултурното образование, како и неговите цели и задачи, што ќе им биде од помош на наставниците за да ги адаптираат своите програмски цели со вметнување на интеркултурните елементи.

Освен што овој прирачник ќе им биде од корист на наставниците,него можат да го користат и другите вработени во училиштата и надвор од нив како директорите, стручната служба и родителите, како патоказ како тие можат да придонесат во подобрувањето и надградувањето на воспитно-образовниот систем и училиштата, каде толеранцијата, меѓусебната соработка и комуникација се високоразвиени, додека предрасудите, стереотипите и конфликтите не постојат.

За да се постигнат овие цели, треба да се започне со едукација на наставниците и сите кои работат во воспитно-образовната сфера, за да тие потоа едуцираат млади генерации, кои ќе растат со интеркултурен менталитет.



**Анета Казиоска, Мируше Џафери**

*Наставнички тандем со повеќегодишно искуство во реализација на Нансен Модел за интеркултурно образование при ООУ Гоце Делчев - Гостивар*

- Прирачникот за наставници со неговите насоки и решенија го надградува воспитно-образовниот процес со интеркултурна ориентација и вредности. Од неговите цели и задачи јасно се согледува важноста на интеркултурното образование. Значењето на интеркултурното образование се согледува промовирајќи ја низ содржината толеранцијата, меѓусебната доверба, почит, рамноправност, недискриминација во мултикултурните заедници и средини. Овој прирачник објаснувајќи го значењето на интеркултурното образование отвора простор за облагородување на воспитно-образовниот процес за зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето меѓу припадниците на различни етнички заедници во воспитно-образовните институции.
- Прирачникот успешно ја објаснува важноста на интеркултурното образование појаснувајќи ја разликата меѓу мултикултурализмот и интеркултурализмот. Се согледува важноста акцентирајќи ги придобивките од соработката меѓу двата различни етникума, што подразбира почитување на многу елементи. Прирачникот ги открива предизвиците на интеркултурното образование. Нѐ запознава со процесот на интеграција во образовната сфера, ни ги открива разните видови интеграција низ образованиот процес и неговите цели за развој на човештвото.

- Прирачникот позитивно влијае за надградување на програмските цели со интеркултурна компонента. Покрај вонпаставните активности и некои од постоечките воспитно-образовни содржини од сите програмски подрачја, прирачникот помага и да се збогатат активностите од интеркултурен аспект, за квалитетно живеење во опкружување кое е извор на многу различности. Улогата на овој прирачник е преземање иноваторски пристап при реализирање на воспитно-образовниот процес и градење на хармоничен и компактен училиштен тим.
- Прирачникот поттикнува формулација на многу иницијативи и поддршка на заеднички вонпаставни активности, слободни активности, екскурзии, запознавање со учениците, дружење, заемна почит меѓу паралелките, грижлив однос кон просториите на училиштето и училишниот двор. Тој, всушност, дава насоки за тоа како да ги подготвиме новите генерации за живот. Улогата на сите чинители во овој процес е активна преку постојана соработка со родителите, училишната управа, професионалниот тим на НДЦ Скопје, локалната власт и други субјекти.

- Прирачникот го препорачувам на наставниците, бидејќи неговата содржина упатува како да се изведе двојазично тандемско планирање и негово реализирање, меѓусебна интеракција и соработка. Нуди одличен избор за организирање на богати мотивирачки содржини, креативни игровни активности за непосредна соработка и зближување на учениците од различно етничко и јазично потекло, како и соработување со родителите, конструктивно и тимски. Целите и задачите се претставени плански, со промоција на секаков вид различности - културни, јазични, родови, социјални, етнички и верски.
- Овој прирачник со неговата содржина ќе биде од помош за сите практичари во воспитно образовниот процес во понудата на многу иницијативи со интеркултурен предзнак. Прирачникот нуди насоки за наставниците за тоа како можат да се оплеменат неколку содржини од сите програмски области со интеркултурни вредности како и нивна реализација за поддршка, надополнување, поттикнување, интеграција и конструктивна соработка во група. Прирачникот овозможува развој на способностите, дијалогот и соработка помеѓу учениците од различни етнички заедници.

# ВОВЕД

Република Македонија е држава на мултиетничко и мултикултурно општество. Етнички хетерогената структура на населението е показател дека образовен приоритет треба да биде поддржување на конструктивни инцијативи за промоција на идејата за интеркултурно образование, како основна врска за меѓусебна соработка и комуникација помеѓу различните етнички заедници. Образовниот систем во Република Македонија се наоѓа пред голем предизвик за развивање на предуслови за интеркултурно образование, како еден плански и долгорочен воспитно-образовен приод, кој ́ќе одговори на потребите на нашиот општествен контекст, каде повеќе етничи заедници коегзистираат на ист простор, и се очекува во континуитет да развиваат повеќенасочни културни врски и релации.

Интеркултурното образование, како филозофија и пристап, треба да биде клучна алатка во процесот на инцирање и поддршка за градење на интерактивни и хармонични односи во заедницата.

Поради често поистоветување неопходно е јасно разграничување на поимите: мултикултурно и интеркултурно општество / образование.

Мултикултурализам versus интеркултурализам се, всушност, два вида општествени концепти, помеѓу кои се воочува важна квалитативна разлика, односно степенот на интеракцијата помеѓу различните културни групи во рамките на една општествена заедница.

Мултикултурализам упатува на постоење повеќе култури на еден географски простор, коишто не се во задолжителен, секојдневен и постојан природен допир и интеракција. Интеркултурализмот пак, подразбира отворени интеракциски односи и врски помеѓу различни културни, национални и други групи, коишто веруваат, но истовремено и промовираат вредности како толеранција, меѓусебно почитување, рамноправност и отворена комуникација.

„Интеркултурното образование треба да биде организирано со цел реализирање на повеќеслојната задача, т.е. образование за емпатија, солидарност, интеркултурно почитување и ненационалистички начин на размислување (Essinger,1987).“ „Тоа е образование за заедништво, солидарност, почитување, меѓусебна толеранција, помагање, доверба и други универзални, хумани вредности (Концепција за интеркултурно образование, 2016).“

Токму затоа, интеркултурното образование треба да се согледа како потреба на нашето општество, бидејќи во него треба да се препознае можноста за соочување со предизвикот во изнаоѓањето на оптималниот соодноc помеѓу културните разноликости и општествената кохезија.

Поаѓајќи од потребата за унапредување на мултиетничката и мултикултурната реалност во државата, кон крајот на 2015 година, од страна на Нансен дијалог центар Скопје е изработена Концепцијата за интеркултурно образование на Република Македонија, којашто како официјален, државен развоен документ (усвоен од страна на Министерство за образование и наука на Република Македонија) отвора простор за облагородување на воспитно-образовниот процес во правец на зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето меѓу припадниците на различните етнички заедници во воспитно-образовните установи.

Концепцијата за интеркултурно образование нуди јасни насоки и решенија како може воспитно-образовниот систем во Република Македонија да биде трансформиран и надграден со интеркултурна ориентација и вредности. Врз основа на нејзините структурни елементи содржински е обликуван и овој прирачник, со намера да им помогне на сите воспитно-образовни практичари во создавање инцијативи со интеркултурен предзнак.



## 1. Што е интеркултурно образование?

Интеркултурното образование претставува систем од повеќе систематски, плански и долгорочни воспитно-образовни приоди со цел промоција на секаков вид различности односно на другоста како културен, јазичен, родов, социјален, етнички и верски диверзитет, што ́ќе влијае позитивно врз сензибилизирањето на воспитно-образовните субјекти за препознавање, почитување и квалитетно живеење во опкружување кое е извор на разлики.




*(Концепција за интеркултурно образование, 2016)*

Овие принципи претставуваат патоказ при планирањето на различните приоди во остварувањето на интегративните процеси во мултикултурните училишни средини и треба да бидат вешто вградени во воспитно–образовната практика за да можат да се постигнат посакуваните состојби.